Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 436-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Скопје, 29.03.2023 година

Седницата се одржа на ден 29.03.2023 година со почеток во 09,00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Мирјана Радевска Стефкова**, Член на Советот
- **Ханиф Зендели**, Член на Советот
- **Зоран Герасимовски**, Член на Советот
- **Мери Радевска**, Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот
- **м-р Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Сашко Георгиев**, Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, Заменик претседател и член на Советот

Отсутни членови:

- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот- оправдано отсутна
- **Мирсад Сурољи –** Претседателот на Советот истакна дека не и е најавено негово отсуство, најверојатно ќе закасни на седницата.
- **м-р Кренар Лога** , Министер за правда –уредно известен
- **Беса Адеми** , Претседател на Врховен суд на РСМ-отсутна поради настан организиран од Академијата за судии и јавни обвинители и не може да присуствува на седницата.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, Генерален секретар
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник
- **Весна Михајловска** , државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот, го изложи Дневниот ред за 436-та седница.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по предложениот Дневниот ред.

За збор се јави Павлина Црвенковска - член на Советот, која истакна дека до Судскиот совет на Република Северна Македонија, претседателот на Основниот суд Кочани, постапувајќи согласно чл.53 ст.1 од Законот за Судскиот совет на РСМ, доставил пред два дена предлог за престанок на функција судија поротник, имено на 01.04 .2023 година навршува 60 години старост, и предложи да се донесе одлука за престанок на функцијата судија поротник на денешната седница.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски предложи под точка "Разно" да се донесе одлука за продолжување статус делегиран судија за Основен суд Неготино.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека предложената точка за Дневниот ред од Павлина Црвенковска - член на Советот, да биде точка 6, а точката 6 -"Разно", да биде точка 7 од Дневниот ред во која ќе биде изложен предлогот на членот на Советот м-р Ивица Николовски.

Откако се констатира дека друг не се јави за збор,претседателот на Советот Весна Дамева предложениот Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 10 гласа „За" и 1 глас "Против"е усвоен следниот :

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на:
   - Записник од 431-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 20.02.2023 година ;
   - Записник од 432-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 28.02.2023 година;
2. Избор на судии во Врховен суд на Република Северна Македонија;
3. Избор на судии во Апелационен суд Гостивар;
4. Избор на претседател на Основен суд Тетово;
5. Разгледување на Извештај за утврдување на бројот на слободни судиски места во основните судови во Република Северна Македонија и Донесување Одлука за објавување Огласи за избор на судии во основните судови во Република Северна Македонија
6. Разрешување на судија поротник во Основен суд Кочани и
7. Разно.

**Точка 1**

**Усвојување на: Записник од 431-та седница на Судскиот совет на РСМ од 20.02.2023 година и Записник од 432-та седница на Судскиот совет на РСМ од 28.02.2023 година;**

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Записник од 431-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 20.02.2023 година .

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање. По гласањето се констатира дека едногласно , со 11 гласа „За“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

Во салата е присутен и членот на Советот Мирсад Суроји.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Записник од 432-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 28.02.2023 година .

Откако констатира дека никој не се јави за збор, записникот го стави на гласање. По гласањето се констатира дека, едногласно – со 11 гласа „За“ од присутните членови на 432-та седница записникот е усвоен без измени и дополнувања (членот на Советот Мери Радевска истакна дека не била присутна на 432-та седница, поради што нема да гласа за усвојување на истиот).

**Точка 2**

**Избор на судии во Врховен суд на Република Северна Македонија**

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека Судскиот совет на РСМ согласно член 48 ст. 1 од Законот за Судскиот совет на РСМ избира судија во Апелационен суд, Управен суд, Виш управен суд и Врховен суд на Република Северна Македонија од пријавените кандидати на огласот што ги исполнуваат условите и критериумите предвидени во Законот за судовите и овој закон на начин што пријавените кандидати ги рангира според потребната специјализација за пополнувањето на судиско место. Согласно член 49 ст. 1 од Законот за Судскиот совет на РСМ Советот расправа и одлучува на седница на која присуствуваат најмалку осум гласови од членовите на Советот со право на глас и согласно став 2 од истиот член за судија е избран кандидатот кој добил најмалку осум гласови од вкупниот број на членови на Советот со право на глас.Согласно став 3 - Секој член на Советот со право на глас е должен усно на седница на Советот да ја образложи својата одлука за избор на судија.Воедно согласно Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ Советот при избор на судија расправа и одлучува редоследно,согласно ранг листата на кандидати според потребната специјализација. Секој член на Советот со право на глас има право да се произнесе за кандидатот пред

гласањето за истиот, а доколку прворангираниот кандидат на листата при гласањето не го добие потребниот број на гласови , се гласа редоследно за следните кандидати од ранг листата и за судија е избран кандидатот кој добил најмалку осум гласови од вкупниот број на членови на Советот со право на глас и секој член на Советот со право на глас е должен усно на седницата на која е извршен изборот на судија да ја образложи својата одлука за изборот. Наведе дека откако изборот ќе биде извршен за сите објавени судиски места, понатаму нема да се расправа, одлучува и да се гласа за останатите рангирани кандидати бидејќи согласно законот најмалку осум гласа оној што ќе добие , понатаму да не се гласа . Ова што е погоре наведено се однесува генерално за точка 2,3 и 4 од Дневниот ред.

Во продолжение, претседателот на Советот му даде збор на известителот – претседател на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд, членот на Советот м-р Селим Адеми –заменик претседател на Советот, кој истакна дека Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас за избор на 4 (четири) судии на Врховниот суд на РСМ, и тоа 2 (двајца) судии за кривична и 2 (двајца) судии за граѓанска област. На седница одржана на 29.03.2022 година, Судскиот совет на Република Северна Македонија донел одлука со која се формира Комисија за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд.

Комисијата за рангирање на кандидати на 11.04.2022 година одржа состанок и за констатираната состојба по однос на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите по огласот расправаше на 402-та седницата одржана на ден 17.05.2022 година и констатира да продолжи постапката за 9 кандидати по наведениот оглас за избор на судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија .

Врз основа на член 2 став 1 алинеја 4 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, Комисијата состави Кандидатска листа на кандидати за избор на 4(четири) судии на Врховниот суд на РСМ. По однос на исполнување на условите од членот 45 од Законот за судовите за тоа дали кандидатот поседува интегритет и социјални способности за вршење на судиската функција за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови и дали кандидатот има познавање на практична работа со компјутери, Комисијата констатира дека за кандидатите Зоран Димитриевски, судија на Апелационен суд Скопје; Енвер Амзаи, судија на Апелационен суд Скопје; Роза Георгиева, судија на Апелационен суд Скопје; Енвер Беџети, судија на Апелационен суд Скопје; Елизабета Дуковска, судија на Апелационен суд Скопје; и Анита Бошковска, судија на Апелационен суд Скопје констатира за овие кандидати да се спроведе полагање на психолошки тест и тест за интергитет, а со оглед да кандидатите се избрани за судии пред 26.11.2010 година кога стапи на сила Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (“Службен весник на РМ“ бр.150/10) со кој се воведе проверка на практична работа со компјутери, нема да се врши проверка на практично познавање на работа со компјутериПолагањето на психолошки тест и тест за интергитет се спроведе на ден 06.12.2022 година и се достави стручно мислење од Агенцијата ВИСТА и Психолошката лабораторија при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј изготвено на ден 12.12.2022 година со кое секој од кандидатите се препорачува за избор на судија во повисок суд. На ден 21.12.2022 година, Комисијата спроведе интервју со кандидатите.

Воедно истакна дека по однос на законскиот услов од член 46 став 1 т. 3 од Законот за судовите да кандидатот биде оценет со позитивна оцена, Судскиот совет согласно на член 77 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ спроведе вонредно оценување на работата на кандидатите за 2019 година и 2020 година и на 417- та седницата одржана на ден 19.10.2022 година го усвои Извештајот за крајните оценки и тоа

1. Кандидат Татјана Дуковска, вкупно бодови 200
2. Кандидат Зоран Димитриевски, вкупно бодови 200
3. Кандидат Данка Ристова, вкупно бодови 161
4. Кандидат Енвер Амзаи, вкупно бодови 155
5. Кандидат Енвер Беџети, вкупно бодови 195
6. Кандидат Катерина Георгиевска, вкупно бодови 195
7. Кандидат Анита Бошковска, вкупно бодови 200
8. Кандидат Роза Георгиева, вкупно бодови 164
9. Кандидат Елизабета Дуковска, вкупно бодови 163.

Комисијата достави предлог ранг листа до Советот за избор на двајца судии на Врховниот суд на РСМ посебно за граѓанска , посебно за кривична област. Комисијата состави предлог ранг –листа на кандидати за избор на 2 (двајца) судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија,

за граѓанска област : Анита Бошковска 74 поени,Катерина Георгиевска 68,4 поени,Елизабета Дуковска 64,8 поени,Роза Георгиевска 55,5 поени и Енвер Беџети 53,3 поени, сите судии на Апелационен суд Скопје .

За кривична област:Зоран Димитриевски 68,8 поени,Данка Ристова 66,1 поени,Татјана Дуковска 65,8 поени, Енвер Беџети 52,9 поени, Енвер Амзаи 44,8 поени.

Воедно истакна дека детално судијата Анита Бошковска , за стручно звање и специјализација добива вкупно 15 бода, за учество во континуирана обука –вкупно 5 бода, оценка за работа на судијата- вкупно 20 бода, способност за писмено и усно изразување – 5 бода, дополнителна работа 5 бода, менторство и едукација 4 бода и судиски стаж 20 бода или вкупно 74 бода.

Детално судијата Катерина Георгиевска , за стручно звање и специјализација добива вкупно11,7 бода, за учество во континуирана обука –вкупно 5 бода, оценка за работа на судијата- вкупно 19,5 бода, способност за писмено и усно изразување 5 бода, дополнителна работа 4,8 бода, менторство и едукација 5 бода и судиски стаж 17,4бода или вкупно 68,4 бода.

Детално судијата Елизабета Дуковска , за стручно звање и специјализација добива вкупно11 бода, за учество во континуирана обука –вкупно 5 бода, оценка за работа на судијата 16,3 бода, способност за писмено и усно изразување 4,5 бода, дополнителна работа 4 бода, менторство и едукација 2 бода и судиски стаж 20 бода или вкупно 64,8 бода

Детално судијата Роза Георгиевска , за стручно звање и специјализација добива вкупно11,5 бода, за учество во континуирана обука –вкупно 5 бода, оценка за работа на судијата- вкупно 16,49 бода, способност за писмено и усно изразување 5 бода, дополнителна работа 4,1 бода, менторство и едукација 2 бода и судиски стаж 11,5 бода или вкупно 55,5 бода.

Детално судијата Енвер Беџети за стручно звање и специјализација добива вкупно 8 бода, за учество во континуирана обука –вкупно 5 бода, оценка за работа на судијата- вкупно 19,5 бода, способност за писмено и усно изразување 4,5 бода, дополнителна работа 4,8 бода, и судиски стаж 11,5 бода или вкупно 64,8 бода.

За кривична област истакна дека детално судијата Зоран Димитриевски, за стручно звање и специјализација добива вкупно 14,5 бода, за учество во континуирана обука –вкупно 5 бода, оценка за работа на судијата 20 бода, способност за писмено и усно изразување 4,5 бода, дополнителна работа 5 бода, менторство и едукација 4 бода и судиски стаж 15 бода или вкупно 68,8 бода.

Детално судијата Данка Ристова , за стручно звање и специјализација добива 15 бода, за учество во континуирана обука 5 бода, оценка за работа на судијата 16,1 бод, способност за писмено и усно изразување 4 бода, дополнителна работа 4 бода, менторство и едукација 2 бода и судиски стаж 20 бода или вкупно 66,1 бод.

Детално судијатаТатјана Дуковска , за стручно звање и специјализација добива вкупно12,8 бода, за учество во континуирана обука 5 бода, оценка за работа на судијата 20 бода, способност за писмено и усно изразување 4,5 бода, дополнителна работа 5 бода, менторство и едукација 2 бода и судиски стаж 16,5 бода или вкупно 65,8 бода.

Детално судијата Енвер Беџети за стручно звање и специјализација добива вкупно 7,5 бода, за учество во континуирана обука 5 бода, оценка за работа на судијата- вкупно 18 бода, способност за писмено и усно изразување 4,5 бода, дополнителна работа 4,8 бода, и судиски стаж 11,5 бода или вкупно 62,9 бода.

Детално судијата Енвер Амзаи , за стручно звање и специјализација добива бода, за учество во континуирана обука 5 бода, оценка за работа на судијата 15 бода, способност за писмено и усно изразување 3,5 бода, дополнителна работа 3,8 бода, менторство и едукација 2 бода и судиски стаж 13 бода или вкупно 44,8 бода.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа , по што збор зема Мирјана Радевска Стефкова, член на Советот која истакна дека ова е прв пат Судскиот совет да врши избор на судии во повисок суд со примена на постоечкиот важечки Закон за Судски совет, измените на Законот за судовите и подзаконските акти донесени од страна на Судскиот совет , врз основа на Законот за Судскиот совет. Во конкретниот случај битно е што со постоечкиот Закон за Судски совет се предвидени многу критериуми кои треба да бидат исполнети за избор на судија во повисок суд. Законот предвидува поаѓајќи од оценка на квалитетот на работа на секој судија, прво да биде оценуван од страна на судии на повисок суд , а потоа во однос на своето ажурно постапување и квантитет на сработеното и обемот на работа да биде оценуван од страна на Судскиот совет. Од изложеното од страна на претседателот на Комисијата за рангирање, може да се утврди дека за секој од судиите кои што конкурирале за повисок суд, конкретно во Врховниот суд , извршена е оценка на нивната работа од повеќе аспекти, значи квалитативно, квантитативно работење и оценета е секаква друга активност на секој од судиите, со цел се дојде до една објективна оценка за работата на секој судија, односно да има што помалку субјективизам во она за што ќе се оценува судијата, односно прецизни и детални критериуми кои произлегуваат од извештајот на Комисијата за рангирање, што и оправдува зошто толку долго траела постапката за оценување и рангирање на судиите за избор во повисок суд. Истакна дека поаѓајќи од наведеното,ќе се раководи од принципите поставени во законот и со подзаконските акти кои се донесени од страна на Советот, почитувајќи ги нивните заслуги, квалитет во работењето затоа што според неа тоа е основата за да се подигне довербата во судството , односно да се добијат квалитетни судии, кои совесно, стручно ќе работат во повисоките судови.

Претседателот на Советот Весна Дамева ги праша членовите дали некој од нив сака да земе збор, па со оглед дека никој од членовите на Советот не се јави за збор, Претседателот на Советот истакна дека го дели мислењето со дадената дискусија на членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова и додаде дека во конкретниот случај се работи за многу важен избор на судии, после долг период Судскиот совет успеа да го стави изборот на дневен ред.Претходно не е извршен избор од причини што за тоа имало објективнипричини, имено изборот не можел да се врши поради донесување на новите подзаконски акти, чија имплементација била долго време во тек, поради технички причини, така што конечно Судскиот совет има можност да го даде својот глас.Воедно истакна дека покрај оценувањето и од страна на судиите и од страна на комисиите во Судскиот совет,сепак според неа една од појдовните основи дали ќе го даде својот глас е интегритетот на секој судија поединечно.

Со оглед на тоа што е исцрпена точката од дневниот ред и не се јавија за збор членовите на Советот се пристапи кон Избор на двајца судии на Врховен суд на Република Северна Македонија за кривична област, бидејќи таква е и конечната ранг листа, најнапред се рангирани кандидатите за кривична област, а потоа за граѓанска област.

Прв од ранг листата е Зоран Димитриевски судија на Апелациониот суд Скопје и Претседателот го стави предлогот на гласање.

По гласањето се констатира дека не е избран предложениот кандидат, односно не го доби потребното мнозинство да биде избран за судија на Врховен суд на РСМ, бидејќи истиот доби 4 гласа “За“ и 8 гласа “Против“.

Потоа претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање вториот кандидат од предлог – ранг листата - Данка Ристова судија на Апелациониот суд Штип.

По гласањето се констатира дека не е избран предложениот кандидат, односно не го доби потребното мнозинство да биде избран за судија на Врховен суд на РСМ., бидејќи истиот доби 6 гласа “За“ и 6 гласа “Против“.

Потоа претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање третиот кандидат од предлог – ранг листата – Татјана Дуковска судија на Апелациониот суд Скопје.

По гласањето се констатира дека не е избран предложениот кандидат, односно не го доби потребното мнозинство да биде избран за судија на Врховен суд на РСМ., бидејќи истиот доби 4 гласа "За" и 8 гласа "Против".

Претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање четвртиот кандидат од предлог – ранг листата –Енвер Беџети ,судија на Апелациониот суд Скопје.

По гласањето се констатира дека не е избран предложениот кандидат, односно не го доби потребното мнозинство да биде избран за судија на Врховен суд на РСМ., бидејќи истиот доби 4 гласа "За" и 8 гласа "Против".

Претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање петтиот кандидат од предлог – ранг листата Енвер Амзаи , судија на Апелациониот суд Скопје.

По гласањето се констатира дека не е избран предложениот кандидат, односно не го доби потребното мнозинство да биде избран за судија на Врховен суд на РСМ., бидејќи истиот доби 4 гласа "За" и 8 гласа "Против".

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека се преминува кон Избор на двајца судии на Врховен суд на Република Северна Македонија за граѓанска област.

Прв од ранг листата е Анита Бошковска судија на Апелациониот суд Скопје и Претседателот го стави предлогот на гласање.

По гласањето претседателот на Советот констатира дека избран е предложениот кандидат, односно го доби потребното мнозинство да биде избран за судија на Врховен суд на РСМ од граѓанска област бидејќи истиот доби 10 гласа "За" и 2 гласа "Против".

Со 5 гласа - „За", кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија по што Претседателот на Советот констатира дека е донесена следната

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за граѓанска област

За судија на Врховен суд на Република Северна Македонија за граѓанска област е избрана:

Анита Бошковска **–**судија на Апелационен суд Скопје .

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Претседателот на Судскиот совет на РСМ истакна да согласно одредбите од чл.49 ст. 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот со право на глас е должен да ја образложи усно својата одлука.

Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова по однос на својот глас ,,ЗА" истакна дека гласала за избор на Анита Бошковска за судија на Врховен суд на Република Северна Македонија – за граѓанска област,бидејќи се работи за прворангиран кандидат на предлог ранг листата со најголем број поени како и дека се работи за долгогодишен и исклучително солиден судија.

Членот на Советот Ханиф Зендели по однос на својот глас ЗА" истакна дека гласал за избор на Анита Бошковска за судија на Врховен суд на Република Северна Македонија – за граѓанска област,бидејќи се работи за квалитетен судија, донесени одлуки

Членот на Советот Зоран Герасимовски по однос на својот глас истакна дека лично ја познава судијата, истата има интегритет и е еден од најдобрите судии во Апелациониот суд Скопје, долго години е претседател на граѓански совет во судот, а и заедно работеле во истиот совет, истакна дека чест и задоволство му е што работел со судијата, а оценката што ја дава Комисијата во целост ги потврдува неговите зборови.

Членот на Советот Мери Радевска по однос на својот глас истакна дека судијата е исклучително солиден судија, како член на Комисијата за рангирање, имала можност да ја слушне како лично презентира предмет при одлучување во судот, исто така на интервјуто смета еден од ретките судии во државата е слика на она како треба да постапува и изгледа еден судија .

Членот на Советот Лорета Горгиева искажа честитки на судијата и се надева дека судијата ќе ги исполни очекувањата.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски по однос на својот глас истакна дека лично го познава кандидатот, истата е со инегргитет, квалитет, со позитивна репутација во судската фела и искажа честитки за судијата.

Членот на Советот Сашко Георгиев по однос на својот глас истакна дека кандидатот имал најмногу бодови,истата е прворангирана и тоа за него било пресудно да го даде својот глас.

Членот на Советот Мирсад Сурои по однос на својот глас истакна дека гласал ,,За" имајќи предвид дека се работи за долгогодишен, истакнат судија, рангирана со највисоки бодови односно поени и истакна дека и пожелува успех.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа по однос на својот глас истакна дека својот глас го дал од причини како претходно наведеното, а истакна дека истата е прворангирана и покажала извонредни резултати.

Членот на Советот Павлина Црвенковска искажа честитки за избор на на судијата и се надева дека судијата ќе ги исполни и оправда очекувањата.

Членот на Советот, заменик претседателот м-р Селим Адеми,како претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите, лично присуствувал на судење, на интервју , на писмено и усно изразување на кандидатот и по случаен избор при оценување на нејзините одлуки, наведе дека истата е со право прворангирана .

Претседателот на ССРСМ, Весна Дамева истакна дека согласно новите подзаконски акти, судиите сами се оценувааат и смета дека според неа најрелевантна е оцената од колегите што ја дале за нивните колеги и овој судија го рангирале на прво место.Воедно и согласно квалитативните и квантитативните резултати и од страна на судиите и од страна на Комисијата рангирана е на прво место и се работи за совесен и чесен судија,со високи морални квалитети и вредности и затоа при давање на својот глас, немала никакви дилеми и со својот глас дала придонес за во највисокиот суд –Врховниот суд да биде избран овој судија.

Судијата Сашко Георгиев, член на Советот побара збор и истакна дека процедурално сака да истакне од причина што законот ги обврзува членовите, после гласање за избор треба лично да се произнесат од кои причини гласале "ЗА"или "ПРОТИВ".Во конкретниот случај гласано е со 10 гласа "ЗА" и 2 гласа "ПРОТИВ", а тој не слушнал причини зошто е гласано "ПРОТИВ".

Членот на Советот, заменик претседателот м-р Селим Адеми истакна дека сите членови се произнеле за својата одлука и доколку внимателно се слушало немало да има дилеми.

Во продолжение, секој од членовите согласно одредбите од чл.49 став 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ пристапија кон образложување на својата одлука.

Сашко Георгиев, член на Советот истакна дека според законот треба секој што гласал да даде свои причини и тоа причини зошто е гласано "ЗА" како и причини зошто е гласано "ПРОТИВ".

Членот на Советот Ханиф Зендели зема збор и истакна дека според него тој што гласал "ЗА" се произнел за причините, водено истакна дека за кандидатите за Врховен суд на РСМ за кривична област беше гласано и "ПРОТИВ" и никој не се произнесе за причините за тоа, така да сега сите колеги дадоа свое произнесување, согласно законот.

Претседателот на Советот Весна Дамева наведе дека согласно член 49 став 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ –"Секој член на Советот со право на глас е должен усно на седница на Советот да ја образложи својата одлука за избор на судија ".Од ова произлегува дека оној што гласал "ПРОТИВ", нема обврска да се произнесува, но сите членови на Советот дадоа свое произнесување.Имајќи го во предвид произнесувањето на некои членови , кои изразија само честитки, без да дадат образложение,според неа јасно е кој гласал "ЗА", а кој "ПРОТИВ".

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева, која истакна дека во интерес на интегритетот на Судскиот совет и нејзин личен став истакна дека немала намера да се јави за збор – од кои причини не гласала за кандидатот и истакна дека нема да гласа за ниту еден од кандидатите, не дека во прашање е доведен интегритетот и стручноста на секој кандидат, меѓутоа лично има забелешки кои ги кажала во моментот на избор на Комисијата за рангирање на кандидатите, во смисла на неправилен состав на истата Комисија .Наведе дека бидејќи се инсистира да се кажат работите јавно, истакна дека може да се вратат материјалите и записникот на нејзиното реагирање и нејзиното инсистирање да се врши повторно прегласување заради доведување во прашање составот на Комисијата која врши рангирање.Уште еднаш истакна дека немала намера да се јави за збор , сметала дека работите треба да се остават така заради интересот на интегритетот на институцијата, меѓутоа бидејќи се инсистира јавноста да слушне зошто, еве затоа ова го наведе.Од принципиелни причини нема да гласа за ниту еден кандидат токму од истите причини, а секоја чест и почит за секој колега и за неговиот квалитет и смета дека сите на ранг листата заслужуваат да бидат избрани не смета дека има грешка во дадените бодовите, но составот на Комисијата во која еден член е од редот на судиите, а двајца членови се избрани од Собрание, иако реагирала и тогаш, не и било прифатено од страна на претходниот претседател .На овој свој став ќе остане доследна до крај.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека Советот одлуките ги носи со мнозинство гласови, дали еден член е против одлуките, ирелевантно е за Советот, бидејќи Уставот и законот предвиделе потребно мнозинство и не може да се доведе во прашање легитимитетот на било која одлука на Советот. Во продолжение

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека се преминува кон Избор на вториот кандидат за судија на Врховен суд на Република Северна Македонија за граѓанска област.

Втор од ранг листата е Катерина Георгиевска судија на Апелациониот суд Скопје и Претседателот Весна Дамева го стави предлогот на гласање.

По гласањето претседателот на Советот констатира дека избран е предложениот кандидат, односно го доби потребното мнозинство да биде избран за судија на Врховен суд на РСМ за граѓанска област бидејќи истата доби 10 гласа "За" и 2 гласа "Против".

Со 5 гласа - „За", кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија по што Претседателот на Советот констатира дека е донесена следната

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за граѓанска област

За судија на Врховен суд на Република Северна Македонија за граѓанска област е избрана:

Катерина Георгиевска –судија на Апелационен суд Скопје .

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Претседателот на Судскиот совет на РСМ истакна да согласно одредбите од чл.49 ст. 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот со право на глас е должен да ја образложи усно својата одлука.

Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова по однос на својот глас ,,ЗА" истакна дека гласала за избор на Катерина Георгиевска за судија на Врховен суд на Република Северна Македонија – за граѓанска област,бидејќи се работи за второрангиран кандидат на предлог ранг листата како и дека се работи за судија , чија работа ја следела преку предметната работа , односно постапување по ревизии во предмети каде претседател на совет била судијата Катерина Георгиевска и истата ја цени како посебно стручен и солиден судија и заслужува да напредува и да биде судија на Врховниот суд на РСМ.

Членот на Советот Ханиф Зендели по однос на својот глас ЗА" истакна дека гласал за избор на Катерина Георгиевска за судија на Врховен суд на Република Северна Македонија – за граѓанска област,бидејќи и овој судија има квалитет, способност да биде судија во Врховен суд на РСМ и ја познава лично, биле колеги во Основен граѓански суд Скопје и воедно и честита на судијата.

Членот на Советот Зоран Герасимовски истакна бидејќи доаѓа од Апелациониот суд Скопје и овој кандидат - судијата Катерина Георгиевска ја познава. Истата има познавања, квалитет и интегритет во правораздавањето. Претседател е на граѓански совет во Апелациониот суд Скопје , во кој суд и самиот бил член 5 години.Истакна дека се работи за исклучително добар судија со морален, професионален интегритет. Десет години работи во Апелациониот суд Скопје во Одделот за граѓански дела , судија со потврдени резултати во работењето , со голем број решени предмети , со високо остварени месечни норми и наведе дека и честита на судијата.

Членот на Советот Мери Радевска по однос на својот глас истакна дека судијата е втора на ранг листата , се работи за исклучително солиден судија, како член на Комисијата за рангирање, имала можност лично да се увери во нејзината работа , има кредибилитет како судија како и дека истата ќе помогне во работата на Врховниот суд на РСМ со оглед на нејзиното стручно знаење.

Членот на Советот Лорета Горгиева искажа честитки на судијата Катерина Георгиевска и се надева дека судијата ќе ги исполни очекувањата, но од принципиелни причини што претходно ги наведе, не гласала .

Членот на Советот м-р Ивица Николовски по однос на својот глас истакна дека судијата Катерина Георгиевска е оценета и високо рангирана што му укажува дека се работи за квалитетен и посветен судија, лично го познава кандидатот, истата е со инегргитет, квалитет, со позитивна репутација во судската фела и искажа честитки за судијата.

Членот на Советот Сашко Георгиев по однос на својот глас истакна дека кандидатот Катерина Георгиевска е вискоко рангирана,истата е второ рангирана и тоа за него било пресудно да го даде својот глас.

Членот на Советот Мирсад Суроји по однос на својот глас истакна дека гласал ,,За" имајќи предвид дека се работи за долгогодишен, истакнат судија, второрангирана, се работи за искусен и солиден судија и истакна дека и пожелува успех.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа по однос на својот глас истакна дека својот глас го дал од причини како претходно наведеното, а истакна дека истата е второрангирана, долго искуство и покажани резултати .

Членот на Советот Павлина Црвенковска искажа честитки за избор на на судијата .

Членот на Советот, заменик претседателот м-р Селим Адеми,како претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите,истакна дека имал можност подетално да се увери во нејзините квалитети како солиден судија и затоа го дал својот глас за избор на судијата Катерина Георгиевска за судија во ВСРСМ- за граѓанска област.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека согласно квалитативните и квантитативните резултати и од страна на судиите и од страна на Комисијата рангирана е со високи бодови , се работи за совесен и чесен судија,со високи морални квалитети и вредности и етичко однесување, а од целата нејзина перцепција, особено од интервјуто извршено во Судскиот совет на кое на многу елоквентен, сигурен и прецизен начин ги давала своите одговори, затоа го дала својот глас за овој кандидат за судија во Врховниот суд на РСМ за граѓанска област.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека Судскиот совет ги избра прво и второ рангираниот за судии во Врховен суд на РСМ – за граѓанска област, а имајќи во предвид дека сам двајца судии се избираат во ВСРСМ, констатира дека понатаму не се оди на гласање за останатите кандидати бидејќи претходно цитираните законски одредби , секој кандидат треба да добие најмалку осум гласа од вкупниот број на членови со право на глас и во моментот кога ќе ги добие понатаму гласањето не продолжува , што значи бидејќи поедниечно е констатирана донесување одлука за избор на овие двајца судии, констатира дека е донесена следната

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за граѓанска област

За судии на Врховен суд на Република Северна Македонија за граѓанска област се избрани:

Анита Бошковска - судија на Апелационен суд Скопје и

Катерина Георгиевска –судија на Апелационен суд Скопје .

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Оваа точка беше исцрпена и се премина на

**Точка 3**
**Избор на судии во Апелационен суд Гостивар**

По третата точка од Дневниот ред - Избор на судии во Апелациониот суд Гостивар, претседателот на Советот Весна Дамева ,пред да му даде збор на заменик претседателот м-р Селим Адеми - член на Советот – претседател на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд,наведе дека од сите пријавени кандидати во текот на вчерашниот ден, по е - маил е доставено известување од страна на еден од кандидатите, а тоа е судијата Бетим Јахја од Основен суд Тетово согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет дека ја повлекува пријавата за избор на судија на Апелациониот суд Гостивар. Тоа известување е скенирано и е во материјали за седница кај сите членови на Советот кои се запознаени со тоа, а потоа му даде збор на на заменик претседателот м-р Селим Адеми - член на Советот, кој како претседател на Комисијата за рангирање на кандидати на истакна дека Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас за избор на 2 (двајца) судии на Апелациониот суд Гостивар , за кривична област . На седницата одржана на ден 29.03.2022 година Судскиот совет на Република Северна Македонија донесе одлука заведена во Советот под бр. 02-555/1 од 30.03.2022 година со која се формира Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд, претседател на суд и судии во основен суд на оглас. Комисијата за рангирање на кандидати на 11.04.2022година одржа состанок и за констатираната состојба по однос на

навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите по огласот поднесе Извештај заведен под бр. 09-851/1 од 11.05.2022 година по кој Судскиот совет расправаше на 402-та седницата одржана на ден 17.05.2022 година и донесе одлука со која постапката за сите 12 кандидати пријавени на огласот да продолжи. Врз основа на член 2 став 1 алинеја 4 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд бр. 01-245/1 од 04.02.2020 година, Комисијата состави Кандидатска листа на кандидати за избор на 2 (двајца) судии на Апелациониот суд Гостивар, за кривична област.

По однос на исполнување на условите од членот 45 од Законот за судовите за тоа дали кандидатот поседува интегритет и социјални способности за вршење на судиската функција за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови и дали кандидатот има познавање на практична работа со компјутери , Комисијата констатира дека за Баки Алили, судија на Основен суд Кичево; Мерита Алиу, судија на Основен суд Гостивар; Ваиде Арслани, судија на Основен суд Гостивар Бетим Јахја, судија на Основен суд Тетово, Верка Костовска, судија на Основен суд Тетово, Драган Миноски, судија на Основен суд Кичево и Даут Рустеми, судија на Основен суд Гостивар дека не го положиле психолошкиот тест и донесе заклучок за овие кандидати да се спроведе полагање на психолошки тест и тест за интергитет, а проверка на практична работа со компјутери да се спроведе за кандидатите Емине Мурати и Александар Милошевски, кои се избрани за судии по 26.11.2010 година кога стапи на сила Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (“Службен весник на РМ“ бр.150/10) со кој се воведе проверка на практична работа со компјутери.

Полагањето на психолошки тест и тест за интергитет се спроведе на ден 07.12.2022 година и ден 09.12.2022 година во просториите на Агенцијата ВИСТА и за кандидатите Психолошката лабораторија при Институтот за социолошки и политичко- правни истражувања при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“, кој достави стручно мислење дека сите кандидати го положиле тестот и ги исполнуваат условите и можат да бидат избрани во повисок суд.

Проверката на познавањето на работа со компјутери се спроведе на ден 19.12.2022 година и Извештајот со резултати од спроведена проверка заведен во Советот под бр.02-2023/3 од 19.12.2022 година на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери,за тоа дека сите кандидати го положиле тестот и ги исполнуваат условите за избор во повисок суд, кој Советот го усвои на 423-та седницата одржана на ден 20.12.2022 година.

На ден 19.12.2022 година, Комисијата спроведе интервју со кандидатите.По однос на законскиот услов од член 46 став 1 т. 3 од Законот за судовите, да кандидатот биде оценет со позитивна оцена, Судскиот совет согласно на член 77 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ спроведе вонредно оценување на работата на кандидатите за 2019 година и 2020 година и на 417- та седницата одржана на ден 19.10.2022 година го усвои Извештајот за кандидатот Јетмир Хамзаи, вкупно бодови 173 крајна оценка позитивна; кандидатот Ваиде Арслани, вкупно бодови 180,68, крајна оценка позитивна; кандидатот Емине Мурати, вкупно бодови 200 крајна оценка позитивна; кандидатот Драган Миноски, вкупно бодови 200 крајна оценка позитивна; кандидатот Даут Рустеми, вкупно бодови 197 крајна оценка позитивна; кандидатот Флутурије Дервиши, вкупно бодови 200 крајна оценка позитивна; кандидатот Бетим Јахја, вкупно бодови 187, крајна оценка позитивна; кандидатот Мерита Алиу, вкупно бодови 168, крајна оценка позитивна; кандидатот Верка Костовска, вкупно бодови 194 крајна оценка позитивна; кандидатот Баки Алили, вкупно бодови 186 крајна оценка позитивна; кандидатот Александар Милошески, вкупно бодови 200 крајна оценка позитивна.

Врз основа на член 11 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, Комисијата на ден 05.01.2023 година расправаше за исполнетоста на критериумите утврдени во членот 48 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ (“Службен весник на РСМ“ бр.102/19) и на записник заведен под бр.09-34/1 од 05.01.2023 година за секој аспект на критериумите на кандидатите по огласот за избор на судија на Апелациониот суд Гостивар, додели поени согласно одредбите од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд.

За секој од кандидатите Комисијата пополни образец за бодирање во кој се наведени поените за секој од критериумите за рангирање и согласно членот 12 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидите за избор на судија во повисок суд, ја состави следната

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Верка Костовска | Основен суд Тетово | 65,2 |
| 2 | Емине Мурати | Основен суд Гостивар | 61,1 |
| 3 | Флутурије Дервиши | Основен суд Кичево | 59,5 |
| 4 | Бетим Јахја | Основен суд Тетово | 57,9 |
| 5 | Даут Рустеми | Основен суд Гостивар | 55,1 |
| 6 | Драган Миноски | Основен суд Кичево | 52 |
| 7 | Баки Алили | Основен суд Кичево | 52 |
| 8 | Александар Милошески | Основен кривичен суд Скопје | 51,5 |
| 9 | Јетмир Хамзаи | Основен суд Гостивар | 46,1 |
| 10 | Мерита Алиу | Основен суд Гостивар | 44,5 |
| 11 | Ваиде Арслани | Основен суд Гостивар | 42,8 |
| 12 | Шукри Сабриу | Основен кривичен суд Скопје | 23 |

Комисијата на ден 09.01.2023година ги достави соодветниот образец, записникот и предлог ранг-листата до секој кандидат преку емаил адреса и сите материјали до претседателот на Судскиот совет на РСМ.

До Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд по изготвената Предлог ранг -листа на кандидати за избор на двајца судии на Апелационен суд Гостивар за кривична област жалба изјавија кандидатите: Емине Мурати судија на Основен суд Гостивар, Даут Рустеми судија на Основен суд Гостивар, Бетим Јахја судија на Основен суд Тетово и Александар Милошески судија на Основен кривичен суд Скопје.Комисијата согласно член 12 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд изготви Извештај по изјавените жалби заведен, по кој Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 25.01.2023 година расправаше и по однос на изјавените жалби ги донесе следните одлуки:

Жалбата на Емине Мурати судија на Основен суд Гостивар, се одбива како неоснована.

Жалбата на Даут Рустеми,судија на Основен суд Гостивар, делумно се усвојува и во конечната ранг-листа на кандидати за избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Гостивар, за кривична област се рангира со 56,18 поени.

Жалбата на Бетим Јахја, судија на Основен суд Тетово делумно се усвојува и во конечната ранг-листа на кандидати за избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Гостивар, за кривична област се рангира со 58.9 поени.

Жалбата на Александар Милошески судија на Основен кривичен суд Скопје, делумно се усвојува и во конечната ранг-листа на кандидати за избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Гостивар, за кривична област се рангира со 54 поени.

Согласно на донесенета одлука на Советот за различно оценување на кандидатите Бетим Јахја, Александар Милошески и Даут Рустеми и нивното рангирање во Конечната ранг листа, бодирањето на Комисијата за другите кандидати како во Предлог ранг -листата е конечно.

Врз основа на член 12 став 5 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, по огласот за избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Гостивар за кривична област е изготвена:

**К О Н Е Ч Н А**
**РАНГ - ЛИСТА НА КАНДИДАТИ**
**за избор на 2 (двајца) судии на Апелациониот суд Гостивар,**
**за кривична област**

| Ред.бр. | Име и презиме | Судија на | поени |
|---|---|---|---|
| 1 | Верка Костовска | Основен суд Тетово | 65,2 |
| 2 | Емине Мурати | Основен суд Гостивар | 61,1 |
| 3 | Флутурије Дервиши | Основен суд Кичево | 59,5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4** | **Бетим Јахја** | **Основен суд Тетово** | **58,9** |
| **5** | **Даут Рустеми** | **Основен суд Гостивар** | **56,18** |
| **6** | **Александар Милошески** | **Основен кривичен суд Скопје** | **54** |
| **7** | **Драган Миноски** | **Основен суд Кичево** | **52** |
| **8** | **Баки Алили** | **Основен суд Кичево** | **52** |
| **9** | **Јетмир Хамзаи** | **Основен суд Гостивар** | **46,1** |
| **10** | **Мерита Алиу** | **Основен суд Гостивар** | **44,5** |
| **11** | **Ваиде Арслани** | **Основен суд Гостивар** | **42,8** |
| **12** | **Шукри Сабриу** | **Основен кривичен суд Скопје** | **23** |

Со оглед на тоа што не се јавија за збор членовите на Советот се пристапи кон избор на двајца судии на Апелационен суд Гостивар за кривична област.

Прва од ранг листата е Верка Костовска судија на Основен суд Тетово и Претседателот го стави предлогот на гласање.

По гласањето се констатира дека не е избран предложениот кандидат, односно не го доби потребното мнозинство да биде избран за судија на Апелационен суд Гостивар бидејќи истиот доби 3 гласа "За" и 9 гласа "Против".

Потоа претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање вториот кандидат од предлог – ранг листата – Емине Мурати судија на Основен суд Гостивар .

По гласањето се констатира дека не е избран предложениот кандидат, односно не го доби потребното мнозинство да биде избран за судија на Апелационен суд Гостивар,бидејќи истиот доби 4 гласа "За" и 8 гласа "Против".

Потоа претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање третиот кандидат од предлог – ранг листата –Флутурије Дервиши , судија на Основен суд Кичево .

По гласањето се констатира дека не е избран предложениот кандидат, односно не го доби потребното мнозинство да биде избран за судија на Апелационен суд Гостивар,бидејќи истиот доби 5 гласа "За" и 7 гласа "Против".

За четвртиот кандидат Бетим Јахја не се гласаше , од причини што истиот ја има повлечено пријавата за пријавата за избор на судија на Апелациониот суд Гостивар.

Потоа претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање петтиот кандидат од предлог – ранг листата –Даут Рустеми , судија на Основен суд Гостивар .

По гласањето се констатира дека е избран предложениот кандидат, односно го доби потребното мнозинство да биде избран за судија на Апелационен суд Гостивар, за кривична област , бидејќи истиот доби 9 гласа "За" и 3 гласа "Против".

Со 5 гласа - „За", кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија по што Претседателот на Советот констатира дека е донесена следната

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР, за кривична област

За судија на Апелационен суд Гостивар, за кривична област е избран:

Даут Рустеми –судија на Основен суд Гостивар.

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Претседателот на Судскиот совет Весна Дамева истакна да согласно одредбите од чл.49 ст. 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот со право на глас е должен да ја образложи усно својата одлука.

Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова по однос на својот глас ,,ЗА“ истакна дека гласала за избор на Даут Рустеми за судија на Апелационен суд Гостивар – за кривична област област, истакна дека се работи за петторангиран кандидат на предлог ранг листата, како и дека не и е јасно зошто и за претходните кандидати од ранг листата било гласано против, бидејќи повторно истакна дека се раководи по принципот на заслуги и освоени бодови на ранг листата и додаде дека му честита на судијата.

Членот на Советот Ханиф Зендели по однос на својот глас ЗА“ истакна дека гласал за избор на Даут Рустеми за судија на Апелационен суд Гостивар – за кривична област,истиот заслужува да биде избран за повисок суд ,бидејќи истиот е судија над 15 години, бил претседател на Кривичниот оддел на судот воедно му честита на судијата.

Членот на Советот Зоран Герасимовски по однос на својот глас ЗА“ истакна дека гласал за избор на Даут Рустеми за судија на Апелационен суд Гостивар – за кривична област,бидејќи го познава уште од времето кога бил приправник, стручен соработник и понатаму напредувал во својата кариера за да стигне до судија во Основниот суд Гостивар, истиот е долгогодишен судија со морал, инегритет и професионалност и му посака успех во понатамошната работа.

Членот на Советот Мери Радевска по однос на својот глас ЗА“ истакна дека гласала за избор на Даут Рустеми за судија на Апелационен суд Гостивар – за кривична област, бидејќи претходните од ранг листата не се избрани, наведе дека овој судија заслужува да биде избран и може да се справи со функцијата судија на Апелационен суд Гостивар , истиот заслужува да биде избран за повисок суд ,има солидни резултати , воедно му честита на судијата и му посака среќа.

Членот на Советот Лорета Горгиева искажа честитки на судијата Даут Рустеми и се надева дека судијата ќе ги исполни очекувањата, но од принципиелни причини што претходно ги наведе, не гласала .

Членот на Советот м-р Ивица Николовски по однос на својот глас истакна дека судијата Даут Рустеми во својата работа има завидни резултати и знаење, лично го познава кандидатот, истиот е солиден, искусен судија , со инегритет и квалитет.

Членот на Советот Сашко Георгиев по однос на својот глас истакна дека тој својот глас го дал редоследно и за кандидатите од ранг листата, за кандидатот Даут Рустеми истакна дека неспорно е дека се работи за квалитетен судија и му посака среќа.

Членот на Советот Мирсад Суроји по однос на својот глас истакна дека гласал ,,За“ имајќи предвид дека се работи за долгогодишен судија и дека со успех ќе ја врши својата професионална работа и во повисокиот суд.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа по однос на својот глас“ЗА“ истакна дека својот глас го дал и е сигурен дека Советот направи добар избор, го познава судијата, истиот поседува способност и стручност како и интегритет во работењето и сигурен е дека и во второстепениот суд ќе продолжи да го дава својот професионален и личен придонес .

Членот на Советот Павлина Црвенковска искажа честитки за избор на на судијата .

Членот на Советот, заменик претседателот м-р Селим Адеми,истакна дека го познава судијата , се работи за искусен судија и му честита за изборот.

Претседателот на Советот Весна Дамева наведе дека неспорно е да судијата е петторангиран и истакна дека својот глас го дала и за овој кандидат и за претходните кандидати за кои сметала дека имаат интегритет, тоа и е особено важно и останува цврсто на ставот дека интегритетот е водечка алка, односно основа за обавување на судиската функција често, совесно и стручно, овој судија не го познава, но од перцепцијата што ја стекнала и од

интервјуто кај не оставил впечаток дека се работи за одважна личност и упати честитки до судијата.

Потоа претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање шестиот кандидат од предлог – ранг листата – Александар Милошески , судија на Основен кривичен суд Скопје.

По гласањето се констатира дека е избран предложениот кандидат, односно го доби потребното мнозинство да биде избран за судија на Апелационен суд Гостивар, за кривична област , бидејќи истиот доби 10 гласа "За" и 2 гласа "Против".

Со 5 гласа - „За", кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија по што Претседателот на Советот констатира дека е донесена следната

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР, за кривична област

За судија на Апелационен суд Гостивар, за кривична област е избран:

Александар Милошески –судија на Основен кривичен суд Скопје. .

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Претседателот на Судскиот совет на РСМ истакна да согласно одредбите од чл.49 ст. 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот со право на глас е должен да ја образложи усно својата одлука.

Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова по однос на својот глас ,,ЗА" истакна дека гласала за избор на Алескандар Милошески за судија на Апелационен суд Гостивар – за кривична област истакна дека се работи за кандидат од втората генерација на Академијата за судии и јавни обвинители случајно го познава кандидатот бидејќи учествувала во завршниот испит во Академијата смета дека се работи за солиден судија и ќе ја оправда нивната доверба што е избран во Апелациониот суд Гостивар.

Членот на Советот Ханиф Зендели по однос на својот глас ЗА" истакна дека гласал за избор на Даут Рустеми за судија на Апелационен суд Гостивар – за кривична област, истиот заслужува да биде избран за повисок суд, доаѓа од Академијата, а бил стручен соработник во Основниот суд Гостивар и воедно му честита на судијата.

Членот на Советот Зоран Герасимовски по однос на својот глас ЗА" истакна дека не го познава лично судијата , но слушал само убави зборови , покажал добри резултати во Основниот кривичен суд Скопје и му посака честитки и успех во понатамошната работа како судија во Апелациониот суд Гостивар.

Членот на Советот Мери Радевска по однос на својот глас ЗА" истакна дека гласала за избор на Александар Милошески за судија на Апелационен суд Гостивар – за кривична област, бидејќи претходните од ранг листата не се избрани, наведе дека овој судија доаѓа од Академијата и се покажа дека Академијата вади квалитетни и стручни кадри, што особено ја радува .

Членот на Советот Лорета Горгиева искажа честитки на судијата Александар Милошески и се надева дека судијата ќе ги исполни очекувањата, но од принципиелни причини што претходно ги наведе, не гласала .

Членот на Советот м-р Ивица Николовски по однос на својот глас истакна дека судијата Александар Милошески во својата работа има завидни резултати и знаење, лично го познава кандидатот, заедно работеле во Основот суд и имал прилика почесто да дискутираат по правни прашања и стекнал впечаток дека се работи за добар, квалитетен и солиден судија а судијата патувал до сега на релација Гостивар-Скопје, така да сега со изборот во Апелациониот суд Гостивар, а живее во Гостивар, ќе има и повеќе време повеќе да се посвети на судиската кариера и воедно му честита на судијата.

Членот на Советот Сашко Георгиев по однос на својот глас истакна дека тој својот глас го дал за кандидатот Александар Милошески истакна дека неспорно е дека се работи за квалитетен и солиден судија , кој завршил Академија му посака среќа и очекува од него во иднина да постигне извонредни резултати.

Членот на Советот Мирсад Суроји по однос на својот глас истакна дека гласал ,,За" , го познава судијата и наведе дека истиот заслужува да биде судија во Апелациониот суд Гостивар и му посака успех и добро здравје.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа по однос на својот глас"ЗА" истакна дека лично го познава и имал прилика да соработува со него кога бил на работа во Министерството за правда , во Секторот за меѓународна правна помош и има позитивно искуство , судија е од младата генерација и се надева дека ќе постигнува добри резултати во работењето.

Членот на Советот Павлина Црвенковска искажа честитки за избор на на судијата .

Членот на Советот, заменик претседателот м-р Селим Адеми,истакна дека гласал "ЗА" и и му честита за изборот на судијата.

Претседателот на Советот Весна Дамева наведе дека лично го познава судијата Александар Милошески од причини што и самата доаѓа од Основниот кривичен суд Скопје и истиот има исклучително колегијален, одличен однос со вработените, особено се ангажира со дополнителна желба за обука, за анализирање на одредени конкретни ситуации, расположен е да дискутира , да полемизира со цел да се најде решение за одредено правно прашање доколку има дилема.Истакна дека смета дека Советот извршил прав избор бидејќи овој судија има интегритет, а стручноста е утврдена врз основа на квалитативните и квантитативните критериуми во доставениот извештај.

Оваа точка беше исцрпена и се премина на

**Точка 4**
**Избор на претседател на Основен суд Тетово**

По оваа точка од Дневниот ред - Избор на претседател на Основен суд Тетово , претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека согласно член 36 став 1 алинеја 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот е надлежен да ги избира и претседателите на судовите, а од член 47 до член 51 од Законот за Судовите се предвидени начинот на избор и критериумите и му даде збор на заменик претседателот м-р Селим Адеми - член на Советот кој наведе дека Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетноста на документите на кандидатите ги разгледа пријавите на кандидатите за претседател на Основен суд Тетово по оглас објавен во "Сл.весник на РСМ" .

По разгледување на пријавите Комисијата констатира дека по огласот за избор на претседател на Основен суд Тетово, се пријавиле тројца кандидати, од кои навремена и комплетна е само пријавата на кандидатот Хасан Асани, судија на Основен суд Тетово со потребната документација согласно условите од огласот.

За констатираната состојба, Комисијата поднесе Извештај до Судскиот совет на РСМ кој е усвоен на 402-та седницата одржана на ден 17.05.2022 година и донесена одлука постапката за избор на кандидатот да продолжи.По однос на исполнување на законскиот услов да биде оценет со позитивна оцена, Судскиот совет за вонредното оценување на работата на Хасан Асани на ден 19.10.2022 година донесе решение заведено под бр.09-5/5 со кое се оценува позитивно за добиени 200 бода, а напомена и дека кандидатот и од страна на судиите е оценет 9,6 од вкупно 10 поени

Во однос на тоа дека кандидатот треба да поседува интегритет и социјални способности за вршење на судиската функција Комисијата на записник заведен во Советот од 07.11.2022година констатира дека за кандидатот Хасан Асани, судија на Основен суд Тетово треба да се спроведе психолошкиот тест и тест на интегритет. Полагањето на психолошки тест и тест за интергитет се спроведе на ден 15.11.2022 година во просториите на Агенцијата ВИСТА и за кандидатот Психолошката лабораторија при Институтот за социолошки и политичко- правни истражувања при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" достави стручно мислење изготвено на ден 17.11.2022 година.

По однос на исполнување на законскиот услов да кандидатите имаат познавање на практична работа со компјутери, Комисијата констатира дека кандидатот Хасан Асани е избран за судија 21.03.2012 година. Проверката на познавањето на работа со комјутери се спроведе на ден 14.12.2022 година и Извештајот со резултати од спроведена проверка заведен во Советот под бр.02-2023/1 од 14.12.2022 година на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со комјутери, Советот го усвои на 423-та седницата одржана на ден 20.12.2022 година.
На ден 14.12.2022 година, Комисијата спроведе интервју со кандидатот кој го положил психолошкиот тест и практично познавање на работа со компјутери

**ПРЕДЛОГ**
**НА КАНДИДАТИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО**

| Име и презиме | Суд во кој работи | Судиски стаж | Оценка |
|---|---|---|---|
| Хасан Асани | Основен суд Тетово | 21.03.2012- судија на Основен суд Тетово<br>23.11.2017-Претседател на Основен суд Тетово<br>29.11.2021-ВД претседател на Основен суд Тетово | позитивна |

Претседателот на Судскиот совет Весна Дамева се обрати до членовите на Советот дали некој сака да се јави за дискусија, па со оглед на тоа дека никој не се јави за збор, се пристапи кон Избор на претседател на Основен суд Тетово.

Според предлогот на кандидати за претседател на Основен суд Тетово кандидатот Хасан Асани ВД Претседател на Основен суд Тетово е единствен кандидат и Претседателот Весна Дамева го стави предлогот на гласање.

По гласањето претседателот на Советот констатира дека избран е предложениот кандидат, односно го доби потребното мнозинство да биде избран за претседател на Основниот суд Тетово бидејќи истиот доби 9 гласа “За“ и 3 гласа “Против“.

Со 5 гласа - „За“, кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија по што Претседателот на Советот констатира дека е донесена следната

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВНИОТ
СУД ТЕТОВО

За претседател на Основниот суд Тетово е избран: Хасан Асани –судија на Основниот суд Тетово

Претседателот на Судскиот совет на РСМ истакна да согласно одредбите од чл.51 ст. 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ секој член на Советот со право на глас е должен да ја образложи усно својата одлука.

Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова по однос на својот глас ,,ЗА“ истакна дека Хасан Асани суија на Основниот суд Тетово е единствен кандидат, бил претседтел на судот, потоа ВД претседател на судот и се надева дека во иднина ќе покаже резултати и ќе ја оправда довербата за избор на претседател на Основен суд Тетово.

Членот на Советот Ханиф Зендели по однос на својот глас “ЗА“ истакна дека се работи за единствен кандидат и му посака успех во работењето и менаџирањето со судот а воедно му искажа честитки за изборот.

Членот на Советот Зоран Герасимовски по однос на својот глас истакна дека го познава кандидатот бидејќи доаѓа од Основниот суд Тетово, истиот добро ја извршувал работата и во претходниот мандат, како и довербата која му е дадена за овој мандат ќе покаже дека добро го менаџира судот. Му искажа честитки за изборот.

Членот на Советот Мери Радевска по однос на својот глас “ЗА“ истакна дека како единствен кандидат треба да биде избран, со оглед да веќе бил претседател, има искуство во менаџирање со судот и му посака среќа.

Членот на Советот Лорета Горгиева му честита на досегашниот ВД претседател за изборот.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски по однос на својот глас “ЗА“ истакна дека се работи за единствен кандидат, повторен мандат, со искуство како претседател на суд ќе покаже уште поголеми резултати и совладување на сите проблеми во својата работа.

Членот на Советот Сашко Георгиев по однос на својот глас “ЗА“ истакна дека
Како координатор за овој суд добро ја знае состојбата во судот, претседателот во својата работа постигнувал добри резултати, а очекува дека во иднина ќе постигнува уште подобри резултати во смисла на тоа што некои работи што биле детектирани, ќе ги надмине и воедно му честита на кандидатот.

Членот на Советот Мирсад Суроји по однос на својот глас истакна дека гласал ,,За“ со оглед дека бил единствен кандидат, иако имал одредени забелешки за ранг листата по поднесените приговори до Судскиот совет, но ја почитува одлуката на Советот , а на кандидатот му посакува успех и добро здравје.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа по однос на својот глас истакна дека својот глас го дал од причини како претходно наведеното, а истакна дека судот го раководел во исклучително тежок период, со недостаток на кадар, зголемен обем на работа, добро раководење на судот и слично.

Членот на Советот Павлина Црвенковска му честита на кандидатот за изборот.

Членот на Советот, заменик претседателот м-р Селим Адеми по однос на својот глас истакна дека од извршените работни посети се констатира дека се работи за добро уреден суд , немало некакви проблеми во судот , меѓучовечките односи биле добри, судот и со помал број на судии се справил со работењето , што е секако заслуга на досегашниот претседател и ВД претседател и искажа честитки на избраниот кандидат.

Претседателот на Советот, Весна Дамева истакна дека гласала “ЗА“, бил единствен кандидат, истиот бил претседател и ВД претседател и според неа целото искуство ќе го примени и во понатамошното вршење на функцијата претседател на суд.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа,се јави за збор и истакна процедурално дека за овој кандидат гласале 9-“За“и 3“Против“ а од образложувањето на својата одлука, само два члена на Советот образложиле дека гласале “Против“ а сите други се произнеле дека гласале “ЗА“ и според него е коректно да секој го образложи својот даден глас, на што Претседателот на Советот уште еднаш констатира дека одлуката е донесена со 9 гласа “За“ и 3 гласа “Против“.

## Точка 5
## Разгледување на Извештај за утврдување на бројот на слободни судиски места во основните судови во Република Северна Македонија и Донесување на Одлука за објавување на огласи за избор на судии во основните судови во Република Северна Македонија

По оваа точка од Дневниот ред - Разгледување на Извештај за утврдување на бројот на слободни судиски места во основните судови во Република Северна Македонија и Донесување на Одлука за објавување на огласи за избор на судии во основните судови во Република Северна Македонија, Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија истакна дека се работи за важна точка, иако сите точки се важни и битни, но оваа точка е сензитивна од причина што веќе има спремни кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители за избор на судии и не смее да се пролонгира изборот и во таа смисла Судскиот совет изминатиот период вршел сериозни анализи за да може да излезе со коначен став околу објавување на огласи, односно да се констатира неопходната потреба во кои судови во

моментот има потреба од распишување на огласи, иако во сите судови во РСМ неопходна е потребата од избор на судии.Исто така истакна дека ниту овие 30 кандидати од Академијата може да го пополни тој празен простор , но сепак треба да се заврши што побрзо работата , да се објават огласи и да се изберат судии од кандидатите. Наведе дека согласно член 45 од Законот за Судскиот совет на РСМ е предвидено дека Советот со одлука врз основа на анализа го утврдува бројот на слободните судиски места за основните судови во Република Северна Македонија, земајќи ги предвид вкупниот број на слободни места за судии во основните судови, како и проекцијата за потребите од местата кои ќе се пополнуваат по завршување на почетната обука, а во став 2 од овој член е предвидено дека Одлуката од став 1 на овој член Советот ја донесува со најмалку седум членови со право на глас и ја доставува до Академијата за судии и јавни обвинители најдоцна до 31 март во годината во која одлуката е донесена.По однос на утврдувањето на бројот на слободни судиски места во основните судови во Република Северна Македонија за донесување на Одлука за објавување на огласи за избор на судии во основните судови во Република Северна Македонија , изготвен е Извештај од страна на Комисијата и му даде збор на м-р Ивица Николовски- член на Советот, претседател на Комисијата .

Членот на Советот, м-р Ивица Николовски истакна дека согласно Одлуката на Судскиот совет, беше формирана Комисија во состав од три члена , кои се посветиле на обврската , направиле анализа за утврдување на број на слободни судиски места во основните судови во Република Северна Македонија и при анализата како критериуми се земени:број на систематизирани / слободни судиски места ; број на судии кои ќе бидат пензионирани по години: 2023, 2024 и 2025 година;број на примени предмети во работа во 2022 година и просек на примени предмети за 4 години( 2019, 2020,2021 и 2022 година).Врз основа на овие утврдени индикатори, Комисијата изврши анализа за секој суд одделно по апелациони подрачја со даден предлог за судиски места кои би требало да се пополнат а тие се:

**Апелационо подрачје Битола**

| Суд | Систематизирани/ слободни судиски места | Пензионирање 2023 | Пензионирање 2024 | Пензионирање 2025 | Примени предмети во работа во 2022 | Просек за 4 години | Број на потребни судиски места |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Битола | 25/11 | 1 | 4 | 1 | 30.675 | 24.900 | 3 |
| Основен суд Крушево | 3/3 | / | / | / | 2.160 | 1.840 | 1 |
| Основен суд Охрид | 18/6 | 2 | 2 | 1 | 17.552 | 15.094 | 1 |
| Основен суд Прилеп | 18/13 | 1 | / | 1 | 14.380 | 16.042 | 3 |
| Основен суд Ресен | 4/1 | / | / | / | 4.464 | 3.890 | / |
| Основен суд Струга | 15/10 | 1 | 1 | 1 | 17.583 | 15.070 | 2 |

**Апелационо подрачје Гостивар**

| Суд | Систематизирани/ слободни судиски места | Пензионирање 2023 | Пензионирање 2024 | Пензионирање 2025 | Примени предмети во работа во 2022 | Просек за 4 години | Број на потребни судиски места |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Гостивар | 24/5 | / | / | 1 | 34.807 | 30.470 | / |
| Основен суд Дебар | 5/1 | / | / | / | 10.848 | 8.690 | / |
| Основен суд Кичево | 13/7 | 2 | / | / | 20.373 | 16.283 | 2 |
| Основен суд Тетово | 26/11 | 2 | 1 | 2 | 59.833 | 49.880 | 2 |

## Апелационо подрачје Скопје

| Суд | Систематизирани/ слободни судиски места | Пензионирање 2023 | Пензионирање 2024 | Пензионирање 2025 | Примени предмети во работа во 2022 | Просек за 4 години | Број на потребни судиски места |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен граѓански суд Скопје | 77/24 | 2 | 3 | 1 | 46.179 | 44.670 | 5 |
| Основен кривичен суд Скопје | 70/22 | 3 | 2 | 4 | 112.016 | 96.430 | 5 |
| Основен суд Велес | 18/3 | 1 | / | / | 25.450 | 18.912 | / |
| Основен суд Гевгелија | 13/5 | / | 1 | 1 | 11.968 | 9.763 | / |
| Основен суд Кавадарци | 10/4 | / | / | / | 11.967 | 10.672 | / |
| Основен суд Кратово | 3/2 | / | / | / | 2.829 | 2.237 | / |
| Основен суд Кр Паланка | 6/1 | 1 | 1 | 1 | 5.337 | 4.982 | / |
| Основен суд Куманово | 34/14 | / | 1 | / | 36.589 | 33.730 | 2 |
| Основен суд Неготино | 5/1 | 1 | / | / | 6.785 | 5.919 | 1 |

## Апелационо подрачје Штип

| Суд | Систематизирани/ слободни судиски места | Пензионирање 2023 | Пензионирање 2024 | Пензионирање 2025 | Примени предмети во работа во 2022 | Просек за 4 години | Број на потребни судиски места |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Берово | 3/3 | / | / | / | 3.271 | 3.367 | 1 |
| Основен суд Виница | 3/2 | / | / | / | 4.183 | 3.806 | 1 |
| Основен суд Делчево | 4/3 | / | / | / | 5.343 | 5.041 | 1 |
| Основен суд Кочани | 10/2 | / | / | 1 | 12.442 | 11.408 | / |
| Основен суд Радовиш | 6/4 | / | / | / | 8.845 | 7.690 | 1 |
| Основен суд Св Николе | 4/2 | / | / | / | 5.241 | 5.093 | / |
| Основен суд Струмица | 20/10 | / | 1 | 1 | 19.816 | 18.414 | 1 |
| Основен суд Штип | 19/6 | / | / | 1 | 23.528 | 20.260 | / |

Согласно направената анализа се утврди дека во моментот од 456 систематизирани судиски места во основните судовите во Република Северна Македонија, испразнети се 176 судиски места.

До крајот на 2023 година ќе се пензионираат 17 судии, до крајот на 2024 година 17 судии и до крајот на 2025 година уште 17 судии или вкупно 51 судија до крајот на 2025година.

Од 7-та генерација на Академијата за судии и јавни обвинители има 30 кандидати за судии.

Комисијата според горенаведеното му предлага на Судскиот совет на Република Северна Македонија да објави оглас за пополнување на слободни судиски места во основните судови и тоа:

| Суд | Број на судиски места |
|---|---|
| Основен суд Битола | 3 |
| Основен суд Крушево | 1 |
| Основен суд Охрид | 1 |

| Суд | Број на судиски места |
|---|---|
| Основен суд Прилеп | 3 |
| Основен суд Струга | 2 |
| Основен суд Кичево | 2 |
| Основен суд Тетово | 2 |
| Основен граѓански суд Скопје | 5 |
| Основен кривичен суд Скопје | 5 |
| Основен суд Куманово | 1 |
| Основен суд Неготино | 1 |
| Основен суд Берово | 1 |
| Основен суд Виница | 1 |
| Основен суд Делчево | 1 |
| Основен суд Радовиш | 1 |
| Основен суд Струмица | 1 |

За збор се јави Мирјана Радевска Стефкова, која се обрати до претседателот на Комисијата со оглед дека оваа анализа беше предмет на разгледување на работниот состанок на членовите на Судскиот совет, па во таа смисла прашањето и е –дали Комисијата го предлага бројот како што е по судови или пак она што е дефинирано на работниот состанок.Членот на Судскиот совет на РСМ м-р Ивица Николовски- претседател на Комисијата одговори дека Комисијата остана на ставот како што е предлогот на работниот состанок во тој дел нема одлука и нема измена, единствено појасни за една техничка грешка –наместо осма генерација треба седма генерација , овие 30 судии се од седмата генерација.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека овој Извештај го имаат во предвид сите членови на Советот, а останува да се елаборира и кажаното од работниот состанок, а членот на Советот Мери Радевска детално забележуваше точно согласно бројот на предметите па ако може да појасни за да полемизираат сите членови , па ако има дилема, повторно ќе се дискутира.

Членот на Советот Мери Радевска зема збор и наведе дека Комисијата му предлага на Судскиот совет да објави оглас за пополнување на слободни судиски места во основните

судови, а тоа е на страна 3.Значи Комисијата предлага да се објави оглас за пополнување на судиските места во распоредот што е доставен .Меѓутоа вкупниот број на кандидати е 30 , а во предлогот е за 31 и смета дека треба да има корекција, а она што е кажано и што стои во анализата земени се во предвид примени предмети во работа во 2022 година и просек за четири години. Она што таа како член на судски совет треба да размислува каде треба да се пополнуваат судиските места и недостасувал и го извадила бројот на преостанати предмети на крајот на 2022 година по судови.Оттука произлегува дека истакна да не ги чита сите судови , но има карактеристични примери дека во ОС Прилеп се 5 судии и кажа дека податоците се со резерва, не се вметнати делегирањата, истите ќе престанат во текот на наредната година и судиите ќе се вратат во своите матични судови.Значи 5 судии според заостатокот имаат по 1075 предмети, а од друга страна има суд ОС Неготино има 4 судии, во работа имаат по 165 предмети.Премногу голема е разликата за да според неа биде прифатено она што е дадено во анализата. Поаѓајќи од тоа колку судии има што им останале предмети на 31.12.2022 година по судија според неа прифатливо е друг распоред на бројот на судии кои треба да се изберат во судовите. Воедно го спомна и искуството на Советот беше доведен во незавидна положба да избира кандидати само за Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје и се сметало дека треба да се пополни поголем број на судии во тие судови , а според неа делумно е амортизирана состојбата со број на судии во наведените судови, иако нема да се каже дека е задоволителен број , но за да не се дојде до состојба при првиот оглас кандидатите да се јават за судии во скопските судови , можеби повеќе од половината и тогаш повторно че се јави проблемот со судови во државата каде што нема ниеден судија и се делегира еден судија да се справува со менаџирање на судот и да решава предмети, што не е дозволено, нема никој таков капацитет и уште да се бараат рокови од тие судии. Затоа според неа , при првиот оглас да се изоставaт судовите во Скопје , тоа е еден предлог, а втор предлог има поинаков распоред според бројот на предмети што ги имаат во работа судиите на крајот на декември 2022 година.Потоа наведе следно за:

ОС Битола- предлогот на Комисијата е 3 судиски места , според неа доволно е 3.

ОС Крушево -предлогот на Комисијата е 1 судиско место , според неа предлогот е 2.-таму нема ниту еден судија , на делегираниот судија ќе му истече времето за кое е делегиран , а работи и како ВД претседател и решава кривични , граѓански и се што влегува во судот.

ОС Охрид- предлогот на Комисијата е 1 судиско место , според неа доволно е 2, затоа што оваа година ќе бидат пензионирани 2 судии.

ОС Прилеп -предлогот на Комисијата е 3 судиски места , според неа потребно е 6 .

ОС Струга предлогот на Комисијата е 2 судиски места , а овде исто така е проблематична состојбата според неа доволно е 4.

ОС Кичево предлогот на Комисијата е 2 судиски места , според неа потребно е 3.

ОС Тетово предлогот на Комисијата е 2 судиски места , според неа доволно е 2.

ОС Куманово предлогот на Комисијата е 1 судиско место , според неа доволно е 1

ОС Неготино предлогот на Комисијата е 1 судиско место , според неа не треба да се врши избор, зошто судиите имаат по 165 предмети просечно од вкупниот фонд предмети во судот.

ОС Берово предлогот на Комисијата е 1 судиско место , според неа доволно е 1.

ОС Виница предлогот на Комисијата е 1 судиско место , според неа доволно е 1.

ОС Делчево предлогот на Комисијата е 1 судиски места , според неа потребно е 2 судии.

ОС Радовиш предлогот на Комисијата е 1 судиско место , според неа потребно е 2 судии

ОС Струмица предлогот на Комисијата е 1 судиско место , според неа доволно е 1 судија.

За збор се јави членот на Советот Сашко Георгиев и истакна дека за ова веќе било дискутирано и тој има свои забелешки , но состојбата е таква што по евентуалниот избор на кандидатите, ќе има нова состојба, така да може и дополнително , доколку не се пополнат некои

места, повторно ќе се прави анализа. Конкретно наведе дека според него во ОС Виница согласно бројот на судии и приливот на предмети нема потреба од оглас за избор на судија.

М-р Ивица Николовски – член на Советот зема збор и истакна дека треба да се има во предвид и законската одредба за законската награда за студентите – идни судии , првите 5 правото на избор да им се испочитува .

Претседателот на Советот Весна Дамева наведе дека тоа е во ред но правото на избор како да се испочитува има постапка која треба да се спроведе и во Судскиот совет , но Судскиот совет објавува оглас врз основа на потребата , не врз основа на желбите .неспорно е дека таа одредба е облигаторна , но во моментот кога ќе аплицира за судот во кој ќе биде распишан оглас иако тие 5 се само од Академија , а потоа постапката се спроведува во Советот во смисла на интервју и повторно има рангирање и по таа спроведена постапка се сметаат за рангирани.

М-р Ивица Николовски – член на Советот зема збор и истакна дека Судскиот совет не може да им го одземе правото што им го дал Законот-првите 5 рангирани имаат право на избор и Советот тоа треба да го почитува, на што членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова истакна дека ова прашање не е на дневен ред и може дополнително на друга седница да се расправа, а на тековната седница треба да се утврди бројот на судиски места за кандидати за огласи на судии, кои што се потребни во државата и да се донесе одлука за објавување оглас за избор на судии , а понатаму се друго е наредна фаза, битно е да се објави огласот.

Членот на Советот Мери Радевска зема збор и наведе дека точно е истакнатото од членот на Советот Сашко Георгиев, направен е превид за Основен суд Виница и таму не е потребно да се распишува оглас, а за ОС Свети Николе предлогот на Комисијата е да не се објавува оглас , а според неа треба 1 судија.

За збор се јави членот на Советот Ханиф Зендели, кој истакна дека за Основниот суд Куманово со оглед на тоа да бројот на предмети е помал од другите судови на работниот состанок било констатирано дека нема потреба од оглас за избор на судија, а сега е предложено да се распише оглас за 1 судија, на што членот на Советот Мери Радевска истакна дека тоа било предложено од Комисијата.

Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова истакна дека на работниот состанок по однос на бројот на судии и слободни судиски места беше усогласено по однос на бројот на судии, следното: ОС Битола -3, ОС Крушево – 1 , ОС Охрид-1, ОС Прилеп-4, ОС Струга – 3, ОС Кичево-2, ОС Куманово-0, ОС Неготино -0, ОС Берово-1, ОС Виница - 0, ОС Делчево-1, ОС Радовиш -1 и ОС Струмица -1 , со тоа што се кажа дека за Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје треба да се планираат по 5 судиски места. Тоа се разгледуваше на работниот состанок за кое мнозинството членови на Судскиот совет се усогласија.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека навистина така беше разговарано но не беше гласано , па на Седницата треба да се гласа и затоа повторно се дискутира а и јавноста да слушне што се дискутира и какви се размислувањата и уште еднаш истакна дека се работи за многу битна и сензитивна тема за која треба добро да се размисли.

Членот на Советот Зоран Герасимовски,зема збор и истакна дека како координатор за ОС Струмица има тројца кандидати кои се од Струмица а бројот на предмети и бројот на судии се жива материја во судовите и Советот не може да ги натера кандидатите да конкурираат во одредени судови и неговиот предлог е да се зголеми бројот на судии во ОС Струмица , со тоа што овие кандидати можат веднаш да се делегираат во ОС Радовиш, ОС Делчево, ОС Берово и ке се вратат повторно во ОС Струмица.

Претседателот на Советот Весна Дамева ги извести членовите доколку се согласуваат , да работат на Седницата до 11 часот и 45минути, а потоа се поканети во ВСРСМ во 12,00 часот да присуствуваат на доделување на дипломите на завршените кандидати на Академијата за

судии и јавни обвинители, а по прекинот на седницата да се вратат и да продолжат со седницата , а додаде дека потоа е поканета да присуствува протоколарно во Собрание на РСМ, па седницата може да продолжи без неа.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа зема збор и истакна дека стои на ставот и се согласува со искажувањето што го наведе членот на Советот м-р Ивица Николовски за правото што им го дава законот на најдобрите пет кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители, а исто така смета дека најалармантната состојба е во Основниот граѓански и Основниот кривичен суд Скопје , во нив се најголемите предмети, по обем, по број и по било каков друг критериум, а и интеесот на јвноста се однесува во најголем дел за работењето на овие судови .Наведе дека негова идеја и негов план како член на Судски совет е да се зајкнат овие судови со кандидати од Академија кои ќе бидат кадар во истите и да се размислува стратешки на овие судови, па неговиот предлог е од кандидатите за судии во овие судови да има оглас за по пет судии и во граѓанскиот и во кривичниот суд, а во овие судови има недостаток од најмалку 26 судии, а за другите судови да се пополнат местата постапно каде што треба.Воедно го поддржа предлогот на членот на Советот Зоран Герсимовски за Основниот суд Струмица бидејќи и тој бил координатор за овој суд и ги знае состојбите и од овој суд се покривале со делегирање и останатите судови во тој регион.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека и таа смета дека треба да се пополнат Основниот граѓански и Основниот кривичен суд Скопје, но и малите судови иако се мали, тие се судови, и не смее да се случи да нема судија , да нема претседател на суд , бидејќи граѓаните очекуваат правда , има судови каде судиите имаат по 1200 предмети ,бавната правда е неправда и не смее граѓанинот во Крушево, во Делчево, во Берово да го чувствува тоа и да чека некој од друг суд да се делегира бидејќи на секој суд му треба судии.

Мери Радевска, член на Советот истакна дека во Основниот суд Струмица секој судија има по 296 предмети , кога ќе би имало уште еден судија секој судија ќе има по 268 предмети, а во текот на годината никој нема да оди во пензија. Истакна дека сега е координатор за Основен кривичен суд Скопје и таму треба судии, но од Академците Советот претходно беше доведен во "клинч" и тоа не сака повторно да се случи - да бидат избрани во Основен кривичен и Основен граѓански суд, поднесуваа приговори,иако ветуваа дека за две години ќе бидат согласни да бидат делегирани, а беа оставени судовите во внатрешноста , а тоа сега се провлекува , а истакна дека и делегирањето не е едноставно.

За збор се јави заменик претседателот на Судскиот совет м-р Селим Адеми – член на Советот, кој истакна дека зошто се празни судовите, воопшто не е виновен Судскиот совет. Не е виновен зошто Министерството за правда не успеа уште мрежата за потребите на судовите да ја направи.Судскиот совет со сите сили се бори да најде судии за тие судови да постојат и затоа не гледа одговорност од страна на Советот. Исто така не се виновни и најдобрите кадри да одат во Крушево, Берово или Делчево.Наведе дека сепак ќе се согласи ако мнозинството така смета , да се проба на наведениот начин.

Мирјана Радевска Стефкова, член на Судскиот совет, зема збор и истакна дека се согласува со искажаното од Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми,за тоа дека не станува збор за вина на Судскиот совет особено дека судската мрежа може да се менува само со Законот за судовите, доколку се измени , а тоа не може да се очекува во некој краток период – оваа година, но ќе има вина ако не се изберат судии во судови каде се неопходни , такви се ОС Крушево и ОС Берово, кои што работат со по еден судија и делегиран судија и истите завршиле над 2000 предмети од секаков вид и затоа смета дека е неопходно сите судови за кои е констатирано каква е состојбата и колку многу е потребно да бидат избрани судии , да бидат избрани а кандидатите од каде и да се, тие се кандидати за судии во Република Северна

Македонија и само тоа е битно и потребно е да се изберат таму каде што е потребно , затоа што судот не постои за судиите, туку судовите постојат заради граѓаните.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа зема збор и ја запраша Мери Радевска , член на Советот во Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје по колку предмети имаат судиите, а воедно истакна дека не е битно само бројот на предметите, туку битен е и квалитетот во работењето, на што претседтелот на Советот наведе дека тешко е квалитет да се постигне поради тоа што сите судии се презафатени и се гледа на квантитет.

Мери Радевска, член на Советот истакна дека во Основниот граѓански суд Скопје 53 судии имаат просечно во работа по 341 предмет, во Основниот кривичен суд Скопје 48 судии имаат во работа просечно по 331 предмет, што е помалку од судот во Прилеп, Струга , со тоа што во граѓанските спаѓаат и оставините, а тие ги водат нотарите.

Седницата е прекината во 11, 45 и истата да продолжи во 13,30 часот.

Седницата продолжи во 14,25 часот, отсутна е членот на Советот Лорета Горгиева.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека седницата по прекинот продолжува и им даде збор на членовите на Советот да се продолжи дискусијата по тековната точка од дневниот ред .

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека според него предлозите од Комисијата да се стават на гласање, да се прецизира вториот предлог и да се премине на гласање.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски истакна дека предлогот на Комисијата сеуште не е во фаза да се гласа по истиот и смета дека е потребно да се утврди колку судиски места да се објават и дали за територија на цела Македонија да се објават огласите или само за внатрешноста без скопските судови и наведе дека како информација дека Советот на Јавни обвинители распишал огласи за 32 места, а има 28 кандидати за да може кандидатите да конкурираат за места кои би биле заинтересирани.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа зема збор и истакна дека и според него добро е да се објават повеќе места и објасни дека во ОЈО Скопје не е распишан оглас, од причини што Јавниот обвинител сметал дека нема потреба, нема доволно број на предмети ,за нови места за јавни обвинители.

Мирјана Радевска Стефкова, член на Судскиот совет, зема збор и истакна дека прво мора да се стави на гласање дали ќе се објави оглас во сите судови , или само со судовите во внатрешноста , па дури пота, да се оди бројчано.

Претседателот на Советот Весна Дамева ги запраша членовите на Советот дали се согласуваат со предлогот на судијата Мирјана Радевска Стефкова- член на Советот да се стави на гласање првиот нејзин предлог со цел да се расчисти таа дилема , а понатаму да утврдуваат број на судиски места што ќе се огласат. Со оглед на тоа дека сите членови на Советот се согласија со овој предлог , претседателот на Советот го стави на гласање предлогот дали да се распише оглас во сите судови вклучувајќи ги и Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје .

По гласањето Претседателот на Советот констатира дека со 5 гласа “За“ и 6 гласа “Против“, не е усвоен предлогот, што значи дека огласот ќе се распишува само за внатрешноста. Повторно ги праша членовите дали сите членови може да истакнат конкретен предлог за број на судиски места за кои ќе се распише оглас и истакна дека има предлог од судијата Мери Радевска – член на Советот , која ги анализирала параметрите што се погоре наведени и и даде збор уште еднаш да ги прочита предлозите за број на судиски места по судови во внатрешноста, без Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје.

Мери Радевска – член на Советот зема збор и наведе дека според бројот на предметите што осталане во работа просечно на судиите во судовите на крајот на 2022 година предлага следно:

ОС Битола- предлогот е 3.

ОС Крушево - предлогот е 2.

ОС Охрид- предлогот е 2.

ОС Прилеп –предлогот е 6 .

ОС Струга предлогот е 4.

ОС Кичево предлогот е 3.

ОС Тетово предлогот е 2.

ОС Куманово предлогот е 1.

ОС Берово предлогот е 2.

ОС Делчево предлогот е 2 .

ОС Радовиш предлогот е 2 .

ОС Струмица предлогот е 1 .

ОС Свети Николе предлогот е 1.

Претседателот на Советот Весна Дамева упати прашање до членовите на Советот и координаторите кои ги имаат анализите уште колку може, две- три места каде е најнеопходно да се распише оглас .

Членот на Советот Лорета Горгиева е присутна на Седницата .

Членот на Советот м-р Ивица Николовски истакна дека во ОС Неготино, претседателот известува дека треба да се пензионира еден судија на 31.03.2023 година и на еден судија кој е делегиран, му завршува мандатот во судот каде е делегиран, па судот останува со тројца судии.

Членот на Советот Павлина Црвенковска зема збор и истакна дека не се согласува да се распише оглас во ОС Неготино , од причина што ОС Неготино беше единствен суд со 5 судии , еден делегиран, а има судии кои работат со 1/3 од предвидената систематизација и смета дека овој суд изминатите години бил привилегиран суд во оваа смисла. Претседателот на Советот Весна Дамева запраша каква е состојбата со ОС Берово и дали е доволно да се распише оглас за само еден судија, на што членот на Советот Мери Радевска истакна дека според неа и во ОС Берово може да се распише оглас место за 1 да се распише оглас уште за 2 судии , во работа тој што е делегиран има 670 предмети. Од дискусијата произлезе дека и во ОС Кичево може уште еден оглас за судија да се распише има 6 судии, кои имаат просечно по 560 предмети.

Членот на Советот Лорета Горгиева, зема збор и истакна дека во ОС Берово и ОС Крушево каде нема ниту еден судија и ВД претседателите се делегирани истакна дека треба да се објави оглас за по 1 судија , бидејќи од кандидатите од Академијата не може да се избере претседател и повторно мора да се делегира судија.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека сега се дојде до бројка од 31 вкупно судиски места за да се распише оглас , но да се детектира состојбата и запраша кава е состојбата во ОС Струмица.

Членот на Советот Зоран Герасимовски истакна дека состојбата во ОС Струмица не е алармантна , но неговиот предлог бил што е практично, има само еден судија што со решение работи со половина работно време, но предложи да се распише оглас за 1 судија, ако другите членови се согласуваат.

М-р Селим Адеми, заменик претседател и член на Советот за ОС Струмица предложи да бидат 3 места, од практични причини исто така, или да остане 1 или 3 од причини што има 3 кандидати од Струмица.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека во случајот треба да се гласа поединечно,бидејќи предлогот не е со аргументи, туку е рационален, а не е алармантна состојбата, а истакна и дека доколку се констатира дека треба уште судии, ќе се распише повторно оглас.

Членот на Советот Лорета Горгиева, зема збор и истакна дека 3 кандидати од Академијата се од Струмица и доколку се изберат, ќе покриваат со делегирање судиски места во околните судови а потоа ќе се вратат во матичниот суд и ќе бидат спремни за судење на предмети од сите области .

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека од причина што Координаторот на ОС Струмица Зоран Герасимовски, член на Советот го повлече предлогот за тројца судии, останува за ОС Струмица предлогот на Мери Радевска , член на Советот – 1 судија и нема потреба да се гласа, а на глсање го стави предлогот на судијата Мери Радевска – член на Советот и тоа :ОС Битола- предлогот е 3,ОС Крушево - предлогот е 2, ОС Охрид- предлогот е 2,ОС Прилеп –предлогот е 6 ,ОС Струга предлогот е 4,ОС Кичево предлогот е 3,ОС Тетово предлогот е 2,ОС Куманово предлогот е 1,ОС Берово предлогот е 2,ОС Делчево предлогот е 2 ОС Радовиш предлогот е 2 ,ОС Струмица предлогот е 1 и ОС Свети Николе предлогот е 1.

По гласањето Претседателот на Советот констатира дека со 8 гласа "За" и 4 гласа "Против", донесена е следната

ОДЛУКА

Да се објави Оглас за избор на судии во

Основен суд Битола- 3.
Основен суд Крушево - 2.
Основен суд Охрид- 2.
Основен суд Прилеп –6 .
Основен суд Струга 4.
Основен суд Кичево 3.
Основен суд Тетово е2.
Основен суд Куманово 1.
Основен суд Берово 2.
Основен суд Делчево 2 .
Основен суд Радовиш 2 .
Основен суд Струмица 1 .
Основен суд Свети Николе 1 ,
односно вкупно 31, иако има 30 кандидати од Академијата.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека по однос на предлогот на Комисијата за донесување на Одлука за бројот на слободни судиски места за основните судови за 11-та генерација на кандидати за судии во Академијата за судии и јавни обвинители за кое се произнесе Комисијата во Извештајот, му даде збор на м-р Ивица Николовски –претседател на Комисијата , член на Советот , кој истакна согласно член 45 ст. 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ Одлуката Советот ја доставува до Академијата за судии и јавни обвинители најдоцна до 31 март во годината во која одлуката е донесена и о оваа смисла во изготвување на анализата за утврдување на бројот на слободни судиски места во основните судови на Република Северна Македонија се земени предвид следните критериуми:Број на систематизирани / слободни судиски места; Број на судии кои ќе бидат пензионирани по години: 2023, 2024 и 2025 година; Број на примени предмети во работа во 2022 година и Просек на примени предмети за 4 години ( 2019, 2020,2021 и 2022 година), по што се утврди дека во моментот од 456 систематизирани судиски места во основните судовите во Република Северна Македонија, испразнети се 176

судиски места, пополнети се 280. До крајот на 2023 година ќе се пензионираат 17 судии, до крајот на 2024 година 17 судии и до крајот на 2025 година уште 17 судии, 2026 година 15 судии и 2027 година – 14 судии или вкупно 80 судии во пензија до крајот на 2027 година.

Од 7-та генерација на Академијата за судии и јавни обвинители завршени се 30 кандидати за судии, во тек се 55 кандидати слушатели од осмата генерација , објавен оглас за деветта генерација слушатели 100 кандидати за судии,185 кандидати од Академијата и до крајот на 2027 година 256 слободни судиски места , од нив 185 ќе се пополнат со кандидати од Академијата, останува 71 слободно судиска место за наредната 11 –та генерација слушатели на Академијата,- на што членот на Советот Мери Радевска замоли овие податоци да и бидат дадени во писмена форма, а членот на Советот м-р Ивица Николовски истакна дека оваа бројка може да се менува согласно потребите и во овој месец се распиша оглас за деветта генерација , а сега се зборува за 11-та генерација и кој може да ги предвиди сите тие идни моменти и неизвесни настани што може да настанат.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по точката на дневниот ред , по што за збор се јави членот на Советот Мери Радевска , која истакна дека во моментот кога Академијата ќе бара од Советот да се распишат слободните судиски места, тогаш може да се корегираат бројките , а да се прифати бројката од 71 слободно судиско место од Извештајот.

М-р Селим Адеми, заменик претседател и член на Советот истакна дека во моментот има неусогласеност на законот со фактичката состојба што се случува во државата.Со законот е предвидено Академијата секоја година да има кандидати , но кај нас треба да се даде број - одлука за слободни судиски места за 11 – та генерација , а сега за деветта генерација е распишан оглас а за десеттата генерација нема оглас и според него да не се забрза без да има ефект, уште Советот е на деветтата генерација , даден е предлог за десеттата а сега треба да се даде одлука за 11-та генерација и смета дека е беспредметно да се дава одлука за 11 –та генерација.

Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова зема збор и истакна дека се согласува со мислењето на членот на Советот м-р Селим Адеми, член на Советот и истакна дека Советот има дадено одлука за 10-та генерација , деветтата не е избрана , а планирањето за по две години не е во ред и нема резон.

Претседателот на Советот Весна Дамева, во согласност на Комисијата -предлогот да не се става предлогот на Комисијата за оглас на слободни судиски места за 11-та генерација на гласање и се предлага да се стави на гласање предлогот –да се донесе Заклучок со кој оваа година 2023 преурането е да се донесе Одлука, бидејќи сеуште десеттата генерација не е отпочната и не може да се направи точна проекција колку судиски места ќе бидат потребни.

По гласањето Претседателот на Советот констатира дека со 10 гласа “За“ и 2 гласа “Против“, донесен следниот

ЗАКЛУЧОК

Оваа 2023 година преурането е да се донесе Одлука, за утврдување на бројот на слободни судиски места за основните судови во Република Северна Македонија, бидејќи сеуште десеттата генерација не е отпочната и не може да се направи точна проекција колку слободни места за судии во основните судови ќе бидат потребни за 11-та генерација.

Заклучокот да биде објавен на веб страницата на Судскиот совет на РСМ.

Претседателот на Советот Весна Дамева наведе дека со оглед дека Советот донесе Одлука за објавување оглас за избор на судии и согласно член 2 став 1 и 2 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за судии и јавни обвинители , треба да се формира Комисија која е составена од 5 члена избрани од членовите со право на глас по пат на ждрепка и тоа : 3 члена од редот на членовите на Советот избрани од страна на судиите, 2 члена од редот на членови на Советот избрани од страна на Собранието на РСМ, во кои ќе бидат

застапени и припадниsци на заедниците кои не се мнозинство во РСМ.Претседателот на Комисијата се избира со ждрепка од редот на членовите на Комисијата и се пристапи кон ждребување.

Претседтелот на Советот Весна Дамева констатира дека донесена е

О Д Л У К А

Се формира Комисија за рангирање на кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители во состав од:
Мирсад Суроји-претседател на Комисијата
Лорета Горгиева,член на Комисија
Сашко Георгиев,член на Комисија
м-р Миљазим Мустафа, член на Комисија и
Павлина Црвенковска, член на Комисија

Одлуката да биде објавена на веб страницата на Судскиот совет на РСМ.

**Точка 6**
**Разрешување на судија поротник во Основен суд Кочани**

Претседателот на Советот Весна Дамева поради други обврски ја напушти Седницата и истата продолжи да ја води заменик претседателот на Судскиот совет на РСМ- член на Советот м-р Селим Адеми, кој истакна дека седницата продолжува .

За збор се јави членот на Советот Павлина Црвенковска која истакна дека претседателот на Основен суд Кочани како на Координатор на судот и доставила известување за тоа дека судијата поротник Митко Ќосевски на 01.04.2023 година навршува 60 години старост, поради што му престанува функцијата судија поротник.Со оглед на наведеното се констатира дека му престанува функцијата судија поротник на Митко Ќосевски од Основен суд Кочани, поради што беше донесена следната:

ОДЛУКА

На Митко Ќосевски, му престанува функцијата судија поротник на Основен суд Кочани, поради навршени 60 години старост.

**Точка 7**
**Разно**

Заменик претседателот на Судскиот совет на РСМ- член на Советот м-р Селим Адеми, истакна дека од страна на Апелациониот суд Штип е доставено известување дека судијата Весна Димитриевска Накова е член на Комисијата за увид и оцена на претседатели на основните судови за апелационо подрачје Штип, но дека истата е на отворено боледување до 08.03.2023 година и дека ќе биде на боледување подолг временски период , поради што бара на нејзино место да се избере друг член на Комисијата. Беше извршено ждребување и по спроведеното ждребување за член на Комисијата за увид и оцена на претседатели на основните судови за апелационо подрачје Штип, беше избран тони Делев, судија на Апелациониот суд Штип,поради што беше донесена

ОДЛУКА

За измена и дополнување на Одлука за увид и оцена на претседатели на основни судови на апелационо подрачје Штип, така што наместо "Весна Димитриевска Накова-член на Комисија, судија на Апелационен суд Штип, да стои "Тони Делев –член на Комисија, судија на Апелационен суд Штип".

Заменик претседателот на Судскиот совет на РСМ- член на Советот м-р Селим Адеми, му даде збор на членот на Советот м-р Ивица Николовски , кој истакна дека има предлог за

делегирање на судија во Основниот суд Неготино , имено претседателот на Основен суд Неготино има доставено известување дека судијата Бојанчо Донев од страна на Советот е делегиран во Основниот суд Неготино и му завршува времето за кое е делегиран на 31.03.2023 година , со предлог од претседателот овој судија и понатаму да биде делегиран во судот ,бидејќи на истата дата во пензија оди судијата Лазар Ризов, а во прилог на известувањето доставена е изјава од судијата Бојанчо Донев , кој изразува согласност уште еден мандат да биде делегиран и да ја извршува судиската функција во Основниот суд Неготино. Наведе дека нема пречки судијата Бојанчо Донев со одлука да биде упатен во Основниот суд Неготино за период од 10 месеци.

Беше отворена расправа на која за збор се јави членот на Советот Павлина Црвенковска која постави прашање за тоа дали судијата Бојанчо Донев нема да го надмине периодот од 2 години за кој период веќе е делегиран од Основен суд Велес во Основен суд Неготино.

Заменик претседателот на Судскиот совет на РСМ- член на Советот м-р Селим Адеми, истакна дека тоа е точно но и до сега Советот има правено отстапки, како во ОС Крушево во случаи кога постои согласност на судијата кој се делегира, а кога нема судии во судот .

Членот на Советот м-р Ивица Николовски истакна дека во конкретниот случај има согласност од судијата и не постојат законски пречки за да се делегира судијата и беше прочитан член 39 од Законот за судовите.

Членот на Советот Павлина Црвенковска истакна дека со оглед на тоа дека во Основниот суд Неготино судиите имаат во работа просечно по 160 предмети, не треба да се делегира судијата Бојанчо Донев во Основниот суд Неготино, без оглед што судијата Лазар Ризов исполнува услови за старосна пензија на 31.03.2023 година.

Заменик претседателот на Судскиот совет на РСМ- член на Советот м-р Селим Адеми, се обрати до координаторот за ОС Неготино –членот на Советот м-р Ивица Николовски за тоа дали е неопходно потребно да се делегира судија во Основниот суд Неготино, на што Координаторот истакна дека на кривична материја во судот остануваат 2 судии – претседателот на судот и делегираниот судија .

За збор се јави членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова, која истакна дека од анализата стои дека ОС Неготино има 4 судии, од кои еден на 31.03.2023 година оди во пензија , што значи дека судот е со 3 судии и прашањето и е дали тие 3 судии може да ја покриваат работата, односно дали постои потреба од продолжување на делегирањето.

За збор се јави членот на Советот Мери Радевска, која истакна дека не се внесени делегираните судии и не се минусирани од судот од кој доаѓаат,ниту се ставени во судот во кој што работат, во случајот предвидено е 5 судии, 1 во пензија ќе оди , четворица се од матичниот суд и плус еден делегира , што значи дека овие 4 на крајот на 2022 година имале во работа по 165 предмети , а ако се додаде делегираниот судија се намалува бројот на предмети, тоа се чистите факти, а дали делегираниот судија може да остане , може да се гласа.

Заменик претседателот на Судскиот совет на РСМ- член на Советот м-р Селим Адеми, предлогот - Бојанчо Донев судија на ОС Велес да се делегира во Основниот суд Неготино за период од 10 месеци , почнувајќи од 01.04.2023 година, го стави на гласање .

По гласањето констатира дека од 11 присутни - 5 “ЗА“ – 6 “ПРОТИВ“, по што се донесе следната

О Д Л У К А

Бојанчо Донев, судија на Основен суд Велес нема да се делегира во Основниот суд Неготино и се враќа во матичниот суд-Основен суд Велес.

По исцрпување на оваа точка од дневниот ред, претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпен дневниот ред од 431-та седницата и истата заврши во 18,00 часот .

Тонското снимање е составен дел на овој записник.

**Судски совет на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

Изработил:Весна Михајловска, Државен советник
Одобрил: Весна Толева, Генерален секретар